ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРОДАЖБА НА СТАНОВИ ВО ОПШТЕСТВЕНА СОПСТВЕНОСТ

Службен весник на РМ, бр. 24 од 25.02.2011 година

Член 1

Во Законот за продажба на станови во општествена сопственост („Службен весник на Република Македонија" број 36/90, 62/92, 7/98 и 24/2003), во членот 6-а ставови 1 и 2 зборовите: „Јавниот правобранител" се заменуваат со зборовите: „Државното правобранителство на Република Македонија".

Член 2

Во членот 7-б став 2 зборовите: "Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија" се заменуваат со зборовите: "правното лице основано од Владата на Република Македонија за стопанисување со станбениот и деловниот простор од значење за Републиката".

Член 3

По членот 7-б се додава нов член 7-в, кој гласи:

„Член 7-в

При доцнење со плаќање на обврските од страна на купувачите на становите по основ на продадени општествени станови не се пресметува и наплатува казнена камата. Казнена камата не се пресметува и наплатува и во случаите кога тоа е предвидено со договорот за продажба на станови.

Ако купувачот на стан од ставот 1 на овој член по влегувањето во сила на овој закон не плати шест месечни рати едноподруго, деловната банка е должна да го извести Државното правобранителство на Република Македонија во рок од 15 дена од истекот на шестиот месец.

Врз основа на известувањето од ставот 2 на овој член Државното правобранителство на Република Македонија со тужба до надлежниот суд ќе поднесе барање за раскинување на договорот за продажба на станот и за тоа го известува правното лице основано од Владата на Република Македонија за стопанисување со станбениот и деловниот простор од значење за Републиката.

Државното правобранителство на Република Македонија е должно во рок од 15 дена од правосилноста на пресудата со која се раскинува договорот за купопродажба на станот да достави оригинален примерок од пресудата до правното лице основано од Владата на Република Македонија за стопанисување со станбениот и деловниот простор од значење за Републиката. Доставената правосилна пресуда претставува основ за воведување на станот во евиденцијата на државни станови.

Во случај на раскинување на договорот за купопродажба на стан, на поранешниот купувач му се понудува за предметниот стан да склучи договор за закуп согласно со Законот за домување.

Доколку во рок од три месеци од правосилноста на пресудата за раскинување на договорот за купопродажба на станот поранешниот купувач не склучи договор за користење на станот под закуп, го губи правото за користење на станот.

Средствата за купување на станот уплатени согласно со договорот за купопродажба на станот до денот на раскинување на договорот ќе се сметаат како надоместок за користење на станот (закупнина) за периодот од денот на склучување на договорот до денот на раскинување на договорот.

Член 4

Купувачите на станови кои имаат достасани, а не платени рати до денот на влегувањето во сила на овој закон, се должни да ги платат истите во рок од 12 месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Доколку купувачите на станови не извршат плаќање во рокот од ставот 1 на овој член, деловната банка е должна да го извести Државното правобранителство на Република Македонија во рок од 15 дена од истекот на рокот од ставот 1 на овој член кое е должно да постапи согласно со членот 7-в став 3 од овој закон.

Член 5

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".